АБСТАКТ

Функционирањето на државата како целина е условено со исполнувањето на определени цели кои економската литература ги дефинира како макроекономски и кои претставуваат составен дел на политиките на владите.

Цел на сите држави во светот е остварување на посакуваните параметри на економски раст и негова одржливост. Бруто домашниот производ ја мери вкупната економска активност на една земја и го претставува збирот на вредноста на вкупно произведените добра во една држава за временски период од една година. Порастот на бруто домашниот производ подразбира подобрување на економските перфонманси на земјата, но и пораст на животниот стандард на нејзините граѓани.

Главен инструмент преку кој владите влијаат врз економијата е буџетот. Преку трошење и собирање на јавните приходи се влијае на националниот доход, а со тоа на економскиот раст. Соодветен менаџмент на јавните финансии претставува врвен приоритет за сите земји со оглед на економското, социјалното и политичкото значење на буџетот.

Расположливите финансиски средства, кои државата, како резултат на својата суверена моќ, ги собира на својата територија го овозможуваат функционирањето на државата. Овие расположливи финансиски средства, кои се во форма на даноци, придонеси, такси или други јавни давачки, за државата претставуваат јавни приходи и служат како извор за финансирање на јавните расходи и остварување на државните политики и цели. Јавните приходи претставуваат финансиска рамка на една држава за реализирање на зацртаните политики и цели.

Јавните расходи го претставуваат трошењето на јавни приходи, и тие се неопходни за непречено функционирање на државата и остварувањето на нејзините функции.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: економки раст, бруто домашен производ, јавни приходи, јавни расходи

ABSTACT

The functioning of the state as a whole is conditional upon the fulfillment of certain goals that economic literature defines as macroeconomic and which form an integral part of the policies of governments.

The aim of all countries in the world is achieving the desired parameters of economic growth and its sustainability. Gross domestic product measures the total economic activity of a country and it represents the sum of the value of total produced goods in one country for a period of one year. The growth of gross domestic product means improving the economic performance of the country, but also the increase of the living standards of its citizens.

The main instrument through which governments influence the economy is the budget. Through the collection and spending of public revenues it affect national income and hence to economic growth. An adequate management of public finances is a top priority for all countries given the economic, social and political importance of the budget.

The available financial resources that the state as a result of its sovereign power collects in its territory, enables the functioning of the state. These available financial assets in the form of taxes, contributions fees or other public charges for the state are public revenue and serve as a source of funding for public expenditure and achieve the state's policies and objectives..

Public expenditures represents the spending of public revenues, and they are necessary for the functioning of the state and the exercise of its functions.

KEY WORDS:economic growth, Gross domestic product, public revenues, public expenditures